**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Третото продолжение на Сто и единаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 ноември 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа со 111-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Стојан Андов, Зоран Крстевски, Јани Макрадули, Ана Андова, Јанаке Витановски, Благоја Гешовски, Ангел Димитров, Сашо Дохчев, Благородна Мингова-Крепиева, Владо Паунков, Иван Анастасовски, Славица Грковска, Невџед Мустафа, Рафет Муминовиќ, Петар Апостолов, Соња Лептикова, Лилјана Поповска, Тито Петковски, Михајло Георгиевски, Маријан Ѓорчев, Али Ахмети, Теута Арифи, Агим Џелили, Хусеинџевад Хусеин, Исмет Рамадани, Абдулади Вејсели, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски, Ѓорѓи Оровчанец и Ванчо Георгиев ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме по 11-та точка - Предлог за донесување на закон за радиодифузната дејност.**

Предлогот на Законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 36 за бришење на став 3; за менување на член 119, член 117 за бришење на став 9 и на член 116 став 6 и на член 177 за бришење на ставовите 2 и 3 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 11; член 17 став 2 и 3; член 18 став 1 и на став 2 алинеја 2; член 21 став 1 за додавање нов став 2 по ставот 1; член 22 став 2; член 23 став 2; член 24 став 1; член 26 за менување на воведната реченица; член 30 став 3; член 31 став 2; член 32 став 3; член 35 став 4; член 38 став 1 алинеја 4; член 46 во воведната реченица; член 52; член 80 став 5; член 100 став 3; член 116 став 2; член 129 став 1 во воведната реченица; член 136 алинеи 1 и 4; член 139 став 1; член 159; член 168 став 3; член 169; член 177 ставови 1, 2 и 3 и на член 178, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за транспорт, врски и екологија поднесе амандмани на член 2 за додавање нова алинеја 3 по алинејата 2; член 10 за менување на став 2; член 12 став 1; член 13 став 2 за менување на алинеите 3 и 6 и на став 3 за менување на алинеја 4; член 18 став 2 алинеја 3; член 33 став 2; член 37 став 1 за менување на точка 3; член 43 за бришење на став 3; член 60 за менување на став 5; член 67 за менување на став 4; член 82 став 1; член 96 став 2 алинеја 2; член 115 за менување на став 3; член 117 за додавање нов став 8 по ставот 7; член 134 за менување на став 2; член 140 за менување на став 5; член 146 став 1 за менување на алинеја 4; член 149 став 1 алинеја 1; член 168 за додавање нов став 4 по ставот 3; за менување на член 172; член 175 став 1 и на член 177 став 1, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за транспорт, врски и екологија поднесе амандмани за менување на член 119; член 173 став 1 и за бришење на став 2 и на член 177 за додавање два нови става по ставот 1, со кои не се согласил претставникот на Владата.

Пратениците Рафис Алити, Ејуп Рустеми, Аднан Јашари и Абдулаќим Адеми поднесоа амандмани на член 117 став 5; член 126 став 3 алинеи 2, 10 и 12 и за додавање две нови алинеи по алинеја 14; член 130 став 3; член 134 за бришење на ставот 2 и на член 140 став 5, и истите ги повлекоа.

Пратениците Драган Ѓорѓиев, Цветле Јанеска, Коста Прешоски, Никола Апостоловски и Соња Лепиткова поднесоа амандман за бришење на член 76, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Драган Ѓорѓиев и Цветле Јанеска поднесоа амандмани на член 11; член 26 за додавање нова алинеја пред алинејата 1; член 27 за додавање нов став пред ставот 1 и на ставот 2; член 28 став 2; член 30 за додавање нов став 4 по ставот 3; за бришење на член 71; член 91 за менување на став 1; за бришење на член 105; член 127 став 11; член 167 став 1 за бришење на точка 8; член 119 став 3 и за бришење на став 5; член 146 став 1 за бришење на алинеја 4 и на член 173 став 1 и 4, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Драган Ѓорѓиев и Цветле Јанеска поднесоа амандман на член 119 став 3 и за бришење на став 5. Бидејќи Владата на Република Македонија поднесе амандман за менување на член 119, амандманот на пратениците Драган Ѓорѓиев и Цветле Јанеска е безпредметен и по него нема да водиме претрес.

Пратениците Драган Ѓорѓиев и Цветле Јанеска ги повлекоа амандманите за бришење на член 105 и на член 167 став 1 за бришење на точка 8, поднесени на 30 септември 2005 година под број 07-3491/ 2.

Пратеникот Силвана Бонева поднесе амандмани на член 26 алинеја 3; член 27 став 3 и 4; член 28 став 2 и за менување на став 4; член 30 за додавање нов став 4 по ставот 3; член 34 став 2; член 60 став 1; за менување на член 61; за додавање нов член 61-а по членот 61; член 67 за менување на став 1; за додавање нова глава VI и за додавање седум нови членови 67-а, 67-б, 67-в, 67-г, 67-д, 67-ѓ и 67-е по главата V; член 109 став 2; за бришење на член 112; член 116 став 1; член 125 за бришење на ставовите 1, 2 и 4; член 145 за додавање нова алинеја 4 по алинеја 3; член 146 за додавање нов став 4 по ставот 3; член 148 за менување на став 1 и на член 149 став 1 алинеи 1, 2, 3 и 5, за бришење на алинеја 4 и за додавање нова алинеја 6 по алинејата 5, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Силвана Бонева поднесе амандман на член 36 за бришење на став 3.

Бидејќи Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 36 за бришење на став 3 по амандманот на пратеникот Силвана Бонева нема да водиме претрес.

Пратеникот Спиро Мавровски поднесе амандмани на член 24 за менување на став 2; член 28 став 6; член 41; член 46 став 1 за бришење на алинеја 4; член 98 став 2; член 140 став 4; член 146 став 1 за бришење на алинеите 3 и 4 и на член 166 за бришење на став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Спиро Мавровски поднесе амандман на член 43 за бришење на став 3.

Бидејќи Комисијата за транспорт, врски и екологија поднесе амандман на член 43 за бришење на став 3, со кој се согласил претставникот на Владата, по амандманот на пратеникот Спиро Мавровски нема да водиме претрес.

Пратениците Рафис Алити, Ејуп Рустеми, Аднан Јашари и Абдулаќим Адеми поднесоа амандмани на член 117 став 5; член 127 став 3 алинеи 2, 4 и 12 и за додавање нова алинеја по алинејата 14 ; член 130 став 3 и на член 140, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Рафис Алити, Ејуп Рустеми, Аднан Јашари и Абдулаќим Адеми поднесоа амандмани на член 82 став 1 и на член 134 став 2.

Бидејќи Комисијата за транспорт, врски и екологија поднесе амандмани на член 82 став 1 и на член 134 за менување на став 2 кои се со иста содржина со амандманите на пратениците, а со кои се согласил претставникот на Владата, по овие амадмани поднесени од пратениците Рафис Алити, Ејуп Рустеми, Аднан Јашари и Абдулаќим Адеми нема да водиме претрес.

Пратениците Цветле Јанеска и Драган Ѓорѓиев поднесоа амандмани на член 33 став 4; член 40; член 64 став 2; за менување на член 105; член 132 ставови 1 и 2; член 146 став 3; за менување на член 164 и на член 167 став 1 за менување на точка 8, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Томе Тромбев, Љупчо Балковски, Спиро Мавровски, Лилјана Ивановска, Драган Ѓорѓиев, Цветле Јанеска, Ејуп Рустеми, Соња Лепиткова, Рафис Алити, Драго Шајноски, Никола Ќуркчиев и Слободан Чашуле поднесоа амандман за менување на членовите од 145 до 151, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова, Томе Тромбев, Драган Ѓорѓиев, Љупчо Балковски, Спиро Мавровски, Цветле Јанеска, Јани Макрадули, Андреј Жерновски и Слободан Чашуле поднесоа амандман на член 117 став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова, Томе Тромбев, Драган Ѓорѓиев, Љупчо Балковски, Спиро Мавровски и Цветле Јанеска поднесоа амандмани на член 74 за додавање два нови става 2 и 3 по ставот 1; член 124 за додавање нов став 3 по ставот 2; член 85 за додавање нов став 2 по ставот 1; за додавање нова глава XI и два нови члена 144-а и 144-б по членот 144; член 145 став 1 и на став 3 за додавање нова алинеја 4 по алинеја 3; член 149 став 1 алинеи 1 и 3 и за додавање нова алинеја 6 по алинеја 5 и за додавање нов член 177-а по членот 177, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Никола Апостоловски поднесе амандмани на член 10 став 2, член 11 и на член 24 за бришење на став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Драган Ѓорѓиев и Цветле Јанеска поднесоа амандмани на член 11 и на член 146 став 3, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Драган Ѓорѓиев и Цветле Јанеска ги повлекоа амандманите на член 11 поднесен на 30 септември 2005 година под број 07-3491/6 и амандманот на член 146 став 3 поднесен на 19 октомври 2005 година под број 07-3491/ 39.

Пратениците Лилјана Ивановска и Соња Лепиткова поднесоа амндмани на член 117 за додавање нов став 11 по ставот 10 и на член 126 за додавање нов став 2 по ставот 1, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Јани Макрадули, Цветле Јанеска и Драган Ѓорѓиев поднесоа амандман на член 110 за додавање нов став 2 по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Ги известувам пратениците дека ви се поделени нов редослед на амандманите во текот на читањето на амандманите, така да старата листа е неважечка.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 2 поднесен од пратеникот Никола Апостоловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за транспорт и врски.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа бидејќи е прифатен амандманот на Комисијата за

транспорт, врски и екологија, кој е во иста насока со предложениот амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Апостоловски. Имате збор.

**Никола Апостоловски:** Го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 11 поднесен од пратениците Драган Ѓеорѓиев и Цветле Јанеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за транспорт и врски.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи не е во согласност со принципите за конфликт на интереси.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Господине Ѓеорѓиев, имате збор, повелете.

**Драган Ѓеорѓиев:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници, членови на Владата.

Немаме споредбено, компаративно законодавство. Во Европската унија не укажуваат дека постои ваков член со вакви ставови, да се ограничи на носителите на јавни функции и членовите на нивни семејства да не можат да бидат основачи, сооснoвачи или да се стекнат во учество на сопственоста на радиодифузерите. Јас сметам дека со тоа и на пленарната седница по однос на првата фаза по овој закон го изнесов, сметам дека тоа не е ни уставно, некој кој што десетина години стварал радиодифузно друштво приватно и сега во моментот, на пример родителот му е на јавна функција, а сопственост е на синот или на некој од децата, да претпоставиме дека односите или комуникацијата помеѓу родителот и детето ја нема и не може да влијае, претпоставка родителот да се откаже од јавната функција. Ние со закон го принудуваме законски да мора тој да се откаже од сопственоста врз тоа радиодифузно друштво. Значи, овој член не разграничува од сега па натаму не смее јавен функционер да биде сопственик на радиодифузно друштво, а за оние наназад не важи, туку важи за сите. Некој што десет години има стварано радиодифузно друштво во тој момент неговото дете, односно родителот е на јавна функција, да мора, да е принуден присилно да го продаде или да го поклонува својот капитал. Законски го принудуваме да го продаде по пониска цена од пазарната бидејќи нема ограничено ни рокови во кој рок тоа да го спроведе, со какви казни и т.н.

Сметам дека барем ригорозноста се намалува со овој амандман со кој што останува носителот на јавна функција, иако поимот "јавна функција" е широк поим. Тоа може да биде член на управен одбор, не мора да биде пратеник или градоначалник, тоа го немаме дефинирано.

Значи, барем да се изземат членовите на нивните семејства. Тоа значи носителот на јавната функција во било кој момент може да се откаже од јавната функција и да нема проблеми со овој закон, меѓутоа да не биде врзано со членовите на неговото семејство.

Сметам дека ако се покрене некоја постапка дури и на уставен суд ова решение може да падне. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам

Бидејќи нема други пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги молам службте да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата).

Искрено ги замолувам пратениците, бидејќи имаме доста отсутни најавени од објективни причини, тие што се потпишани да влезат во салата и да продолжиме со работа, а не мора да гласаат.

(Во салата влегуваат некои пратеници).

Ги молам пратениците кои се во Собранието, ни треба уште еден за кворум, а знам дека има во Собранието.

(Минуваат минути на чекање).

Благодарам, сега сме 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник, 55 гласале од кои 17 за, 1 воздржан, 37 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 11, поднесен од пратеникот Никола Апостоловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи и е спротивен на Конвенцијата за човекови права, а од друга страна Уставот на Република Македонија не дава право за доразработка со закон член 19 од Уставот во друга насока освен како што е утврдено со самиот Устав.

**Љупчо Јордановски:** Господине Апостоловски имате збор.

**Никола Апостоловски:** Го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 11 поднесен од пратениците Драган Ѓорѓиев и Цветле Јанеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи е ист со поднесениот амандман од претходниот пратеник господинот Никола Апостоловски.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Ѓорѓиев, бидете кратки инаку ќе нема кворум.

**Драган Ѓорѓиев:** Во досегашниот закон верските заедници и религиозните групи не можеа да бидат или да вршат радиодифузна дејност и да бидат основачи и сосновачи или да се стекнат со учество во сопственост на радиодифузери.

Нејасно е зошто се изземени верските заедници и религиозните групи затоа што Законот за верските заедници им овозможува на верските заедници и религиозните групи преку радиодифузерите да даваат соопштенија, емисии итн. Постои опасност во Република Македонија, така е предвидено и во Европа и според Европската комисија верските заедници и религиозните групи да не можат да бидат радиодифузери. Опасноста на влијанието на религиозните групи и верските заедници поготово состојбата која кај нас ја имаме во оваа свера.

Второ, влијанието на политичките паритии, значи имаме опасност политички партии да се прикучат на одредени верски заедници или религиозни групи и преку нивните телевизии, на пример, влијаат врз граѓаните.

Од тие причини и компаративното законодавство во сите држави недозволуваат верските заедници и религиозни групи да можат да бидат основачи и сосновачи или вршители на радиодифузна дејност.

Нејасна е причината зошто тоа е извадено, во досегашниот закон тоа е како што е предведено во амандманот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратеника гласале 55, од кои 19 гласале за амандманот, 5 воздржани, 31 против.

Констатирам дека амандманот не е усвоен од страна на Собранието.

Отворам претрес по амандманот на член 24 за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Никола Апостоловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи, земајќи ги во предвид надлежностите на Советот за радиодифузија како регулаторно тело во областа на радиодифузијата, критериумите за предлагање на членови на Советот, неопходно е да бидат утврдени со Законот, како законска рамка.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Имате збор господине Апостоловски.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине претседателе, амандманот го предлагам со цел да не се обременува текстот на законот од причини што во членот 25 се дадени кои не можат да бидат избрани во Советот за радиодифузија, а во членот 26 од законот се дадени овластените предлагачи.

Ставот 2 што предлагам да се брише, граѓаните ги доведуваме во нерамноправна положба од причини што, вака гласи ставот кој треба да се брише.

За членови на Советот за радиодифузија можат да бидат лица што се истакнале во областа на комуникологијата, новинарството, телекомуникациите, информатиката, културата, еконимијата, правото и од другите области што се од значење за остварувањето на надлежнстите на Советот за радиодифузија.

Кои се другите области, а во наредниот член е дадено кои не можат да бидат избрани, а во членот 26 е дадено кои се овластени предлагачи. Овластените предлагачи сигурно ќе предлагаат лица компетентни во своите области.

Намерата беше да не се обременува текстот на законот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратеника, 56 гласале од кои 13 за амандманот, 7 воздржани, 36 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 24 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи критериумите за предлагање на членови на Советот неопходно е да бидат утврдени со закон како законска рамка.

Постојното решение без поголеми ограничувања за избор на членови на Советот во однос на решенијата предложени со амандманот.

**Љупчо Јордановски :** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, се работи на една варијација за која пред малку говореше колегата Апостоловски, мислам дека требаше да го прифатиме амандманот, но во секој случај се работи за ставот 2 каде се говори за избирање на членови

на Советот за радиодифузија и се кажува дека за членови на Советот за радиодифузија можат да бидат лица, мислам дека тука е пропуштено, и бирани лица што се истакнале во областа на комуникологијата, новинарството, телекомуникациите, информатиката, културата, економијата, правото и од други области што се од значење за остварување на надлежностите на Советот за радиодифузија.

Мојот предлог за промена на овој став 2 од членот 24 гласи:

За членови на Советот за радиодифузија можат да бидат избрани лица истакнати во области што се од значење за остварување на надлежностите на Советот за радиодифузија.

Негледам причина зошто заменикот министер не би го прифатил ова затоа што набројувањето на сите овие области во кои има значење за остварување на надлежностите на Советот за радиодифузија, мислам дека може да дојде до изигрување на овој став 2 со тоа што областа економија, право, култура, информатика се многу широки поими да можат да стојат во ставот 2 од членот 24.

Затоа овој предлог понатаму ќе овозможува недискриминирање на избраните лица и истите да можат да бидат бирани во Советот за радиодифузија.

Се надевам дека колегите пратеници ќе дадат поддршка за овој амандман.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Балкоски имате збор.

**Љупчо Балкоски:** Благодарам претседателе,

Во насока на поддршка на овој амандман навистина е необјасниво зошто овој амандман не е прифатлив кога се кажува дека за членови на Советот можат да бидат избрани лица кои се истакнати од областите што се од значење за остварување на надлежностите на Советот за радиодифузија, а од друга страна ќе остане член каде се кажува дека за членови на Советот за радиодифузија можат да бидат лица што се истакнале во областа како комуникологија, новинарство, телекомуникации, информатика, култура, еконимија, право и од други области.

Сега е прашање што ако се избере лице што е од друга област? Ако можат претставниците на Владата да ми кажат кои се тие други области. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Имаме 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник гласале 53 од кои 15 гласале за амандманот, 2 воздржани, 36 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 за додавање нова алинеа пред алинеата 1, поднесен од пратениците Драган Ѓорѓиев и Цветле Јанеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа, решението кое се предлага со амандманот, Претседателот на Република Македонија да предлага еден член во Советот за радиодифузија е спротивно на препораката на Советот на Европа 2000/23 за независност на регулаторни тела во областа на радиодифузијата каде децидно е наведено извршната власт да нема влијание во работата на регулаторните тела.

Исто така, согласно надлежностите на Претседателот, утврдени со членот 84 од Уставот не е предвидена можност Претседателот да предлага носители на јавни функции.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Ѓорѓиев имате збор.

**Драган Ѓорѓиев:** Сосема кратко, мислењето на директорот на Европската комисија Јакуповиќ не беше негативно по однос на тоа Претседателот на државата да биде овластен предлагач за избор на член на Советот на радиодифузија. Немавме негативно мислење и од тие причини е поднесен амандманот барем еден од деветте членови на Советот за радиодифузија го предлага Претседателот на државата, со оглед на неговиот легитимитет добиен на непосредни избори и стабилноста на институцијата.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска, имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе, во образложението кое колегите Драган Ѓорѓиев и Цветле Јанеска го имаат дадено на овој амандман со кој се бара еден од предлагачите да биде и Претседателот на Република Македонија. Во образложението се вели: Заради легитимитетот и стабилноста на институцијата Претседател на Република Македонија со овие амандмани се предлага и Претседателот на Република Македонија биде овластен предлагач, мислам дека не е во ред преку ваквите формулации како амандмани дадени од страна на колегите ние да го потврдуваме легитимитетот или стабилноста на институцијата Претседател на Република Македонија да може да предлага членови на Советот за радиодифузија.

Јас ги поддржувам и претходните колеги во однос на составот на Советот за радиодифузија, со оглед на спецификите како надлежност која ќе произлезе од работата, меѓутоа, според мене, овој амандман е не прифатлив. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска, да се договориме тие што се за амандманот можат да дискутираат, а кога е

одбиен амандманот нема потреба да внесуваме во еден закон кој е далеку од политиката.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 пратеника 54 гласале од кои 5 за амандманот, 3 воздржани, 36 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 алинеа 3, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот, господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи не е во согласност со принципите за конфликт на интереси.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине претседателе, сметам дека амандманот треба да биде прифатен и едно дополнување односно појаснување зошто е тоа така и зошто не може и нема суштински конфликт на интереси, затоа што еден или двајца членови предложени од мнозинското здружение на радиодифузери нема воопшто ниту да направи некој конфликт на интереси ниту поединечно како поединец суштински да делува на одлуките на Советот за радиодифузија, а од друга страна приватните радиа и телевизии односно нивното мнозинско здружение како најзасегнати од овој закон треба да бидат застапени во Советот за радиодифузија и од тие причини сметаме дека предлогот е сосема коректен и нема суштински конфликт на интереси. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Ивановска, вие го подржувате амандманот?

Ве молам, ако не го подржувате веќе е искажано од заменик министерот дека се одбива, не гледам што има да се објаснуваме сега преку амандмани.

Повелете, имате збор.

**Лилјана Ивановска:** Претседателе, за амандманската расправа ставот за или против исто така треба да се каже зошто.

Господинот Китаноски нас не убедуваше дека треба да го прифатиме амандманот, јас треба да кажам зошто не треба да го прифатиме амандманот. Пратениците се ставени пред гласање и јас како член на Комисијата сакам да го кажам ставот по ова прашање. Затоа сметам дека не е важно дали сме за или против амандманот, треба да ни дадете збор.

Амандманот кој го предлагаат пратеници од ВМРО ДПМНЕ, пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ очигледно е за конфликт на интереси затоа што од овластени предлагачи за членови на Советот за радиодифузија предлагаат да се избрише мнозинското здружение на новинари, а предлагаат да влезат мнозинско здружение на трговски радиодифузни друштва. Мотивот на трговските радиодифузни друштва е секогаш против. Кога тие би влегле во Советот за радиодифузија, тоа е чист конфликт на интереси, така што пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ се залага за конфликт на интереси во Советот за радиодифузија.

Затоа не го подржуваме овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Сега ќе ви објаснам госпоѓо Ивановска зошто не мислам дека вака треба да се подржи амандманот. Да кажевте дека со амандманот тој што го предложил е за конфликт на интереси во ред, но да кажето дека пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ е, е , тоа е веќе политичка порака. Ние разговараме овде сега за амандманот за или против и затоа јас сметав дека не треба преку вакви расправии и дискусии партиски да се расправаме. Имате аргументи, кажете ги за.

Повелете господине Китаноски имете збор, а потоа вие госпоѓо Ивановска.

**Илија Китаноски:** Јас ќе повторам бидејќи колешката сакаше да политизира и обопштува, јас ќе и одговорам.

Значи, не постои никаков суштински конфликт на интереси ако од девет члена еден или двајца бидат застапници односно предложени од здружението или мнозинската асоцијација на приватните радиа и телевизии. Тоа е така, стоиме зад тоа.

Не знам што повеќе би коментирал за тоа дали е конфликт на интереси, сметаме и стоиме зад тоа дека тоа не е, во суштина, никаков конфликт на интереси, дека приватните радиа и телевизии ги интересира само профит и ништо друго, што не е точно.

Гледајте ги анкетите кои телевизии се најгледани, дали се тоа државната МРТВ, или приватните радиа и телевизии, ќе видите дали ги интересира само профит, или ги интересира и тоа што граѓаните за нив мислат, кои програми им се допаѓаат и т.н. Така што мислам дека како еснафско здружение апсолутно треба да бидат застапени во Советот за радиодифузија.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Лилјана Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Претседателе, најнапред да интервенирам за вашето упаѓање, од каде ги измисливте тие правила кога не постојат во Деловник, за дискусија по амандманот. Сакам да кажам дека пратеничката група на ЛДП не е против радиодифузните друштва, туку решението за предлагањето на Советот за радиодифузија кое што треба да биде независно регулаторно тело и секој конфликт на интерес да биде избришан во предлагањето на членови за Советот за радиодифузија. По таа логика на

предлагачите на амандманот и Македонската радио телевизија треба да има член во Советот за радиодифузија. И тогаш што ќе направиме? Советот за радиодифузија ќе зависи од тие што треба да бидат контролирани. Советот за радиодифузија треба да ги контролира сите што се во сферата на радиодифузијата и Македонската радио телевизија и приватните трговски друштва.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Само сакам да кажам дека јас го кажав моето мислење. Точно, Деловнички не сум во право, но сугерирав. Ќе продолжиме онака како што сметаме дека треба, но по Деловник.

Господине Китаноски, повелете.

**Илија Китаноски:** Ако веќе навлегуваме во суштина на законот, а ќе имаме прилика во понатамошната дискусија и по другите амандмани и ако веќе правиме споредба како приватните радио дифузни организации, односно приватните радиа и телевизии во овој случај ќе биле привилегирани во однос на МРТВ. Погледнете ги другите членови во Законот каде што буквално цела една програма на финансирање на програми на продуцентски зафати и т.н. се префрла во надлежност на државната радио и телевизија. Тоа е нонсенс и невидено упаѓање во пазарот во оваа дејност. Меѓутоа за тоа потоа.

**Љупчо Јордановски:** Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеника, вкупно гласале 57 пратеници, 12 гласале за, нема воздржани, 45 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 за додавање нов став пред ставот 1 и на став 2 поднесен од пратениците Драган Ѓорѓиев и Цветле Јанеска .

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошути:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеника, вкупно гласале 53 пратеника, 4 за амандманот, 3 воздржани, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 став 3 и 4 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошути:** Амандманот не се прифаќа, бидејки не е во согласност со принципите за конфликт на интереси.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Едно појаснување. Го претресуваме амандманот на член 27 став 3 и 4. Практично е поврзан со претходниот, меѓутоа ќе дообразложам зошто. Првиот дел претходно веќе е образложен и доволно имавме дискусија околу тоа, дали е тоа конфликт на интереси во суштина, или не е, а конфликт на интереси настанува понатаму во другите членови на законот каде што МРТВ буквално ...

**Љупчо Јордановски:** Зборувајте во контекст на амандманот.

**Илија Китаноски:** Зборував во контекст на амандманот. Па три збора претседателе, не повеќе кажав надвор од тоа што е по амандманот. Значи, предлогот е во ставот 4 зборот "три" да се замени со зборот " четири", односно согласно експертизата изработена под артикл 19 од Советот на Европа во предлозите за членови на Советот што ќе дојде до Собраниската комисија за избори и именувања треба подеднакво да бидат застапени и позицијата и опозицијата. И затоа наместо три, предлагаме четири члена на Советот за радиодифузија да предложи оваа Собраниска комисија за избори и именувања при што два од позицијата и два од опозицијата. Мислам дека ако и овој амандман не биде прифатен, тогаш апсолутно и предлагачот и мнозинството веројатно мисли дека ќе владее 100 години и дека овој закон вака ќе поминува и дека тие ќе предлагаат стално мнозинство во Советот за радиодифузија и т.н. Во суштина тоа нема да биде така, и самите тие тоа го знаат и во суштина дури ни одговара така да остане, затоа што во 2006 ние ќе бидеме тие кои што ќе предлагаме три. Меѓутоа не е добро за демократијата и не е добро за независноста на Советот за радиодифузија и за неговата суштинска независност. Така што ако за првиот дел и за претходниот амандман и за ставот 3 има некој мегдан за размена на факти и на различни мислења. Овде мислам дека апсолутно не постои никакво место за да не се прифати овој амандман, затоа што вака како што е предложено решението е во спротивност со тие многу фалени и постојано повторувани препораки од Советот на Европа и европските директиви. Значи, апсолутно четири члена кои што ќе бидат предложени од Собраниската комисија од кои што два по предлог на опозицијата и два по предлог на позицијата. Мислам дека е сосема коректно, сосема разбирливо и неприфаќањето значи буквално е еден чин кој што директно ќе влијае и на политизација, значи директна

доминација на власта на Советот за радиодифузија и незастапеност на предлозите на опозицијата во структуирањето на тоа тело.

**Љупчо Јордановски:** Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, гласале 55, 15 за амандманот, нема воздржани, 40 против.

Констатирам дека Собраниеот не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 2 поднесен од пратениците Драган Ѓорѓиев и Цветле Јанеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошути:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

**Драган Ѓорѓиев:** Од причини што не се прифатени и претходните два амандмани, во овој контекст амандманот се повлекува.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 2 и за менување на став 4 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошути:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Значи суштината на овој амандман е повторно да се внесе малку повеќе демократичност. Меѓутоа, гледам дека во старт како што е и составен основниот текст што го имаме пред нас, се нема таков слух. Меѓутоа, сепак, ќе се потрудам да објаснам што сака да се постигне со овој амандман. Значи, се намалува политичкото влијание при изборот на членови на Советот, затоа што нашиот предлог на амандман во суштина значи дека се врши избор на листа, значи на цела листа и ќе нема можност селективно парламентарното мнозинство тогашно да избира членови на Советот онакви какви што партиски му одговараат, или не му одговараат. И втората работа, самата преквалификација на изборот со двотретиснко мнозинство ќе значи еден вид на консензус помеѓу позицијата и опозицијата, односно предлагање на луѓе кои што се прифатливи и за позицијата и за опозицијата. Мислам дека на овој начин максимално се намалува политизирањето на Советот за радиодифузија и влијанието на власта актуелна, тогашна што ќе го врши изборот врз него. Значи, уште еднаш опоменувам дека со неприфаќање на овој амандман ќе се дозволи директно влијание и мешање на власта на парламентарното мнозинство, со тоа и на Владата врз структурата на Советот за радиодифузија, а со тоа и врз неговата работа.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам претседателе. Сосема кратко, со оглед на тоа што господинот Китаноски неколку пати ние кои што не ги подржуваме неговите амандмани не обвинува дека со предложеното решение, односно со неприфаќањето на неговите амандмани вршиме политизација, партизација на Советот за радиодифузија. И овој амандман како и претходните се однесува само на еден дел од составот на Советот за радиодифузија. Советот за радиодифузија е составен од 10 членови. Ако господинот Китаноски смета дека МАНУ, Интеруниверзитетската конференција, мнозинското Здружение на новинарите на Македонија се под целосна контрола на власта, тогаш е во длабока заблуда. Ги потценува пред се институциите како што се МАНУ, Интеруниверзитетската конференција и сите новинари во Република Македонија. Од вкупниот број на членови на Советот за радиодифузија само тројца се бираат по предлог на Собранието. Останатите 7, што значи повеќе од двотретинско мнозинство во Советот се исклучиво од институции кои што се надвор од политиката. И затоа сакајќи да ја прикажат основната интенција на целиот закон дека е политички, партиски и незнам каков, до сега квалификациите кои што се однесуваат барем при изборот на членовите на Советот за радиодифузија се целосно неприфатливи и неосновани. Затоа сметам,не го оспорувам правото да се предлага амандман по однос на составот, но сето тоа да се поврзува само еден дел од составот на Советот за радиодифузија кој што е во малцинство во однос на другите иснтитуции и сите институции да се понижуваат и да се кажува дека се политизирани, сметам дека е неприфатливо.

**Љупчо Јордановски:**Три минути реплика господинот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Господине Најдовски,предлагачот на овој закон ги понижува овие институции со начинот на избор на членови кои што ги предлагаат тие. Значи поединечно ќе ги избираат секој од нив и може да не ги избере, иако ги предложиле тие. Амандманот кој што ние го поднесуваме го оневозможува тоа, значи се гласа за целокупната листа на предложени членови од сите овие институции. Значи, напротив, не ги понижуваме ние, туку предлагачот на законот,а тоа е Владата зад која што стоите вие. Значи, тоа е првата работа. И двотретинскиот избор, значи изборот со двотретинско мнозинство е сигурно многу подемократичен и поконсензуален, односно многу помалку отвора простор за политизација и на луѓето кои што се предложени и од овие институции и од собраниските тела.

**Љупчо Јордановски:** Контра реплика една минута, господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Сосема кратко. Очигледно господинот Китаноски зборува за друг амандман кој што самиот го има предложено. Не се однесува на став 5 за кој што сега дискутираше. Ние сега расправаме по амандманот на став 4. Така што ова што сега го кажува, немам коментар, бидејки самиот не зборува за амандманот кој што го има поднесено.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Љупчо Балковски.

**Љупчо Балковски:** Само едно појаснување, затоа што овде се кажа дека Советот за радиодифузија брои 10 членови. Не е точно. Советот за радиодифузија брои 9 членови.

**Илија Китаноски:** Значи, уште еднаш ќе го цитирам и членот и амандманот. Ставот 4, амандманот наш се однесува на ставот 4 и вели, амандманот вели: ставот 4 се менува и гласи, изборот на листата од предложени кандидати согласно член 26 го врши Собранието на Република Македонија со двотретинско мнозинство. Значи, точно знам што зборувам, точно знам како тоа да го бранам и ако не е јасно, еве уште еднаш. Членот 28 ставот 4 кој што го регулира кога на членот на Советот за радиодифузија му престанува мандатот, се менува и гласи: изборот на листа од предложените кандидати согласно член 26 го врши Собранието.Значи, ем е избор на листа, не поединечно како што претходно е наведено. И второ, со двотретиснко мнозинство. Така што тука не гледам каде е спорот.

**Љупчо Јордановски:** Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеника, 51 гласале, 12 за, нема воздржани, 39 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Почитувани пратеници, на барање на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ давам пауза од еден час.

Претседателот на Собранието има потреба од пауза од еден час.

Ќе продолжиме со работа во 15,00 часот.

(Пауза од 12,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,02 часот).

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 1, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ. Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи тргнавме од аспект дека шесте члена ги бираат овластените предлагачи, а три од страна на Собранието. Така да се избегнува можноста да се доцни со започнување со работа на новиот совет за радиодифузија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, амандманот не е прифатен.

Господине Спиро Мавровски имате збор, повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван заменик министер членот 28 ставот 6 за кој што е поднесен амандманот говори токму за да се помогне во однос на работењето на Советот за радиодифузија затоа што подоцна во мојата дискусија ќе кажев дека не се согласувам ни со ставот 1 каде што се бираат членовите на Советот, но ставот 6 кажува "Советот за радиодифузија може да работи доколку се избрани најмалку шест членови на Советот". Според мене, тука се јавува двојна неправда и може да се случи следната ситуација, што доколку во овие шест члена не е задоволен условот со кој се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните и дали ако веќе донесеме одлука дека може да почне да работи со шест члена, четирите членови може да донесат одлука, а тоа не е мнозинство од бројот на членовите на Советот кој е девет. Значи, може да се донесат одлуки кои подоцна може да бидат обжалени и на тој начин сето ова да падне во вода, значи, сите донесени одлуки, дали се тоа со четири члена или пак не е доволната застапеност и не соодветна правична застапеност на граѓаните кои што не се мнозинство во Република Македонија.

Затоа мислам дека заменикот министер требаше да има малку сенс и ова да се прифати. Не е никаков проблем дали ќе бидат шест или девет членови кои ќе бидат избрани. Доколку се изберат сите девет членови мислам дека тогаш ќе имаме регуларност во работењето на Советот.

На овој начин многу одлуки можат да бидат обжалени и понатаму променети.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, бидејќи никој нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Имавме доволно време пауза од три часа.

Ги молам пратениците да влезат во салата. Благодарам.

Ги повикувам пратениците да влезат во Собранието и во салата, а ви заблагодарувам што бевте верни слушатели.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, да се преброиме, да видиме дали може да продолжиме.

Проведурално господине Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе додека чекаме пратениците да дојдат во салата, незнам дали е процедурално или како сакате но една работа сакам да изнесам во мое име и во име на колегите пратеници од ЛДП и се надевам дека истите останати пратеници ќе ме поддржат. Имам информација дека од денес Македонски "Телеком" ги укинува телеграфите или како сакате кажете, доставувања телеграми во Републикава. Од денес се пуштени на 70% сите вработени кои што се во телеграфските единици, односно прием и доставување на телеграми во Република Македонија или како принуден одмор, незнам како тоа да го кажам.

Сакам во мое име и во име на колегите да истакнам еден протест, еве јавно, да ги повикаме претставниците на "Телеком" тоа да не го прават, Република Македонија не може да биде земја која нема да има повеќе телеграми, а дека тие ќе се доставувале преку пошта.

Имаме еден најбанален пример, голем број на пратеници кои живеат на село не можат да добиваат телеграми, а тоа се однесува за сите граѓани во Република Македонија.

Знам дека не е во ваша надлежност ни на Парламентот, но сакам да го искажам тој протест и од ова место да го повикаме менаџерскиот тим на "Телеком" тоа да не го прави, туку да се отвори расправа и во Владата, а ако треба потоа и во Парламентот.

Јас незнам како е тоа, согласно концесискиот договор кој го имаат потпишано порано, но, еве, ќе завршам со тоа, да кажеме дека како Парламент протестираме на ваков начин, мојот предлог е тоа, протестираме на ваквиот начин да се најде соодветно решение.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, јас само едно знам дека технологијата оди напред, сега имаме и СМС пораки и така можеме да контактираме, зборувам во однос на пратениците, можат да ги добиваат пораките и преку СМС.

Видете, ние почнавме од гулаби писпоноши, па сега завршивме со тоа што сме денеска, технологијата треба да оди напред, тоа е мое мислење, но јас секако не можам да спречам еден ваков апел од ваша страна, иако не беше процедурално.

Ги молам службите да го утврдат бројот. Сите пратеници кои се во Собранието да влезат во салата.

Во салата има 57 пратеника.

Дали можат координаторите да обезбедат уште четири пратеника.

Да не се мачиме, а јас да не бидам прогласен за ди џеј, во јавните гласила, ја прекинувам седницата, почнуваме во вторник во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 15,46 часот).